ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

ИНОВА ЛАБ
Центар за образовни и развојни иницијативи

# АНАЛИЗА: СТАВОВИТЕ НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА НОВАЦИ ПО ОДНОС НА МЛАДИНСКИТЕ ПОТРЕБИ

**Проект: ОПШТИНА ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ**

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Проект: ОПШТИНА ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ

Наслов на публикацијата:
АНАЛИЗА: СТАВОВИТЕ НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА НОВАЦИ ПО ОДНОС НА МЛАДИНСКИТЕ ПОТРЕБИ

Автори:
д-р Елизабета Тошева
д-р Моника Ангелоска-Дичовска
м-р Александар Пановски

Издавач:
Центар за образовни и развојни иницијативи ИНОВА ЛАБ Битола
E-mail: innovalab.mk@gmail.com
Facebook страна: https://www.facebook.com/innovalab.mk/
Адреса: Солунска 45б, 7000 Битола, Република Северна Македонија

Уредник: Марија Бендевска

Графичка обработка: Александар Џумковски

Печати: Бабук Битола

Тираж: 50 примероци

“Општина по мерка на младите” е проект спроведуван од Инова Лаб, Битола. Овој проект е добиен во рамки на „Граѓанскиот ресурсен центар“ финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа Плус од Штип.

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Инова Лаб - Битола и на никаков начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Битола, Јули 2020

# Содржина


1. РЕЗИМЕ ..... 3
2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 5
2.1. Цели на истражувањето ..... 5
2.2. Примерок на истражувањето ..... 6
3. Анализа на наодите според приоритетни области ..... 8
3.1. Култура ..... 8
3.2. Неформално образование ..... 10
3.3 Младински активизам и младинско учество ..... 13
3.4 Спорт ..... 17
4. Заклучоци и препорки ..... 20
4.1. Култура ..... 20
4.2. Неформално образование ..... 21
4.3. Младински активизам и младинско учество ..... 22
4.4. Спорт ..... 23
5. Прилози ..... 26

# 1. РЕЗИМЕ

Центарот за образовни и развојни иницијативи ИНОВА ЛАБ Битола во периодот Март - Август 2020 година го спроведуваше проектот “Општина по мерка на младите”, кој има за цел да поттикне промени во различни полиња од правната рамка во Општина Новаци преку лобирање за изготвување на стратегиски документи потребни за младите во неа.

За таа цел, во рамките на проектот најпрво беше извршено истражување за потребите и ставовите на младите во однос на младинските потреби, чии резултати се презентирани во оваа Анализа. Анализата ги покажува потребите, ставовите, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите во Општина Новаци и ќе послужи како основа за понатамошните активности од застапувањето, вклучувајќи изготвување на документ со Заклучоци и Препораки и негово доставување до надлежните во општината.

Најпрво беа селектирани приоритетни сфери од интерес на младите во Општина Новаци, со цел да се осознаат состојбите и да може да се делува во иднина. Како приоритетни области беа селектирани: Култура, Образование, Спорт, Младински активизам и Младинско учество.

Разгледани се аспектите на функционирање на младите преку проценка на состојбите и направено е мапирање на нивните потреби. Резултатите од истражувањето овозможуваат увид во факторите, кои директно влијаат на обликување на однесувањето на младите и инволвираноста во заедницата, како и употребата на тие влијанија за мапирање на потребите. Секоја област презентира специфично влијание, а сите заедно даваат слика за можноста за потикнување ефективно партнерство со локалната власт, како и за зголемување на младинската

мотивираност и одговорност за вклучувањето во процесите на донесување одлуки во заедницата.

За детектирање на состојбата на овие приоритети беше спроведена електронска анкета со која беа опфатени 74 млади луѓе од Општина Новаци на возраст од 15-29 години, што претставува 14,42% од вкупниот број на млади во општината.

Истражувањето покажа дека е потребен редовен проток на информации до младите за тие да осознаат каква е состојбата во приоритетните сфери и каде би можеле да делуваат. Младите од Општина Новаци се само делумно задоволни од општината и придобивките кои им ги овозможува истата. Тие сметаат дека недоволно се препознаваат и решаваат нивните проблеми. Им недостасуваат места за дружење и забава, како и културни и спортски содржини. Невладините организации се оние кои најчесто нудат неформално образованите за младите луѓе во општината. Во Општина Новаци нема доволно младински иницијативи, а младите ретко се залагаат за решавање на младинските проблеми. Исто така, младите многу ретко биле консултирани од локалната власт во донесувањето на одлуки и не се запознати со активностите на Младинскиот совет во општината. По однос на младинското учество останува како клучен приоритет да се работи на подигнување на свеста кај младите и нивното учество во донесувањето на одлуки.

Повеќе информации за фактичката состојба се дадени во делот Анализа на наодите според прирітетни области, односно во делот Заклучоци и препораки за можните решенија кои се предлагаат.

Врз основа на изнесените резултати, извлечени се Заклучоци кои претставуваат основа за изготвување на Документ со препораки, кои се потребни за да се создадат услови за поттикнување и зголемување на

вклученоста на младите во процесите на донесување одлуки во заедницата.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1. Цели на истражувањето

Спроведеното истражување ги има следните цели:

- Добивање на појдовни показатели за досегашната состојба со младинските потреби и младинскиот активизам во Општина Новаци и испитување на познавањето и ставовите на младите луѓе околу младинските потреби;
- Утврдување до кој степен младите се свесни за своите права и за својот статус во општината;
- Да се открие колку младите се запознаени со процесот на донесување одлуки и во кој степен се вклучени во нивното креирање;
- Да се испита запознаеноста на младите со активностите на Советот на Млади и Младинскиот културен центар во Општина Новаци и можноста за учество;
- Да се презентираат веродостојни показатели за младинските потреби во општината и да се дадат препораки за понатамошно постапување.

За да се постигнат направените цели беше подготвена соодветна методологија која понуди прибирање на податоци и се фокусираше на:

- ✓ Дефинирање на приоритетните области, кои ќе бидат предмет на понатамошно длабинско истражување.
- ✓ Причините за појава на проблемите кои постојат во приоритетните области.
- ✓ Причините за слаба ефикасност и ефективност на одговорните институции при утврдување и разрешување на проблемите.

- ✓ Подготвеност на младите луѓе за активирање и вклучување во различни активности;
- ✓ Нивото на младински активизам за разрешување на проблемите во целата општина.

## 2.2. Примерок на истражувањето

За да се утврдат потребите, ставовите, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите во општина Новаци, беше подготвен анкетен прашалник, кој беше спроведен на електронски начин и беа реализирани 74 прашалници. Во општината се селектираше соодветен примерок на млади луѓе на возраст до 15 – 29 години, претежно средношколци и студенти, кои пополнија електронски анкетен прашалник.

Согласно методологијата за електронска анкета, ограничена беше можноста за репрезентативност на примерокот. Меѓутоа, согласно обработените податоци примерокот обезбеди адекватна застапеност на сите возрасни групи и рамномерна родова структура.

На ваков начин се обезбеди максимална репрезентативност, имајќи ја во предвид достапноста на информации според бараните критериуми и достапноста на едниците во примерокот.

**Испитаниници на електронската анкета за општина Новаци (вкупно испитаници 74)**

| Возрасна група | Пол | | Етичка припадност | | | | | Степен на образование | | | | | Работен статус | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | Македонец / ка | Албанец / ка | Турчин / ка | Србин / ка | Друго | Основно | Средно | Вишо | Високо | Мадистерски / Докторски студи | Ученик / ка | Студент / ка | Вравотен / а | Невработен / а |
| 15 -20 | 11 | 12 | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 17 | 1 | 2 | 0 | 17 | 6 | 0 | 0 |
| 20 – 25 | 7 | 16 | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 17 | 0 | 0 | 9 | 12 | 2 |
| 25 – 29 | 19 | 9 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 18 | 10 |
| **Вкупно** | **37** | **37** | **74** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3** | **45** | **1** | **22** | **3** | **17** | **15** | **30** | **12** |
| | **74** | | **74** | | | | | **74** | | | | | **74** | | | |

# 3. Анализа на наодите според приоритетни области

## 3.1. Култура

Најголемиот дел од младите 68,9% или 51 испитаник, културата ја разбираат како сет од активности, посета на кино, театар, изложби, разни културни манифестации, изразување на креативни идеи и пополнување на слободно време, што укажува дека младите во Општина Новаци се добро запознати со тоа што претставува култура и културно живеење во една заедница. Исто така, најголемиот процент од младите, односно 43,2% или 32 испитаника се делумно задоволни од културните содржини кои им ги нуди општината, 36,5% или 27 млади се целосно задоволни, додека пак 20,3% или 15 млади воопшто не се задоволни.

**Како вие ја разбирате културата и културниот живот?**




Дознавме дека културни манифестации најчесто организира локалната самоуправа, за која се изјасниле најголем дел или 40 испитаници, 24 сметаат дека тоа се невладините организации, 19 училиштата, 18 испитаника сметаат дека Младинскиот културен центар во општината организира настани, 12 сметаат дека никој не организира, а 4 дека тоа

се неформална група млади.

**Кој најчесто оргазнизира културни манифестации во Општина Новаци?**




Младите во Општина Новаци потврдуваат дека своите креативни идеи најмногу ги изразуваат и исполнуваат преку употреба на социјални медиуми, во рамките на училиштето или факултетот и преку невладините организации.

**Каде најчесто младите во вашата општина може да ги изразуваат и исполнуваат своите креативни идеи?**




Она што загрижува е дека за подобрување на културниот живот во општината најголемиот број од младите, односно 67.6%, не се многу заинтересирани да го подобрат својот културен живот што укажува на нивна пасивност, но и поради работните обврски во нивната рурална средина, 25% се многу заинтересирани и 6% не се воопшто заинтересирани за подобрување на сопствениот културен живот.

Според младите во Општина Новаци најпотребно е да има повеќе едукативни обуки и работилници, да се формира културен клуб во Младинскиот културен центар, да се понудат курсеви за изучување на јазици и да се организираат повеќе уметнички и музички настани во иднина.

## 3.2 Неформално образование

Најголем дел од младите (51%) биле дел од работилници или посетувале некоја форма на неформално образование организирана од НВО, околу 19 % никогаш не учествувале, но се заинтересирани за во иднина, 20 % не учествувале, а само 9% често посетувале ваков вид на активности.

**Дали досега сте учествувале во некоја обука/работилница организирана од невладини организации?**




Според најголемиот дел од испитаниците или 43% сметаат дека невладините органиации се оние кои најчесто нудат неформално образование за младите во Општина Новаци, 39% се изјасниле дека не знаат кој нуди неформално образование, што ја потврдува недоволната информираност, но и незаинтересираност на младите и немањето

самоиницијативност, 24% сметаат дека тоа е Младинскиот културен центар, а 18% се изјасниле за приватните училишта и центри.

**Кој најчесто нуди неформално образование за младите Општина Новаци?**




Младите сметаат дека во општината нема доволен број на организации и центри за неформално образование, нема доволна понуда и треба да се зголеми информираноста на младите за ваков тип образование.

Социјалните медиуми се голем дел од животот на младите па од можноста да изберат повеќе одговори тие или 58% односно најмногу се изјасниле дека за понудите за неформално образование дознаваат преку социјалните медиуми, 29% преку невладините организации, 23% преку соопштенија во локалните медиуми, 21% се изјасние дека не знаат, 20% дознаваат преку роднини и пријатели и 18% во рамките на училиштата.

**Како најчесто младите во Општина Новаци дознаваат за понудите за неформално образование?**




Испитаниците се доста поделени во милењето кој треба да биде главен поттикнувач на разновидна понуда на неформално образование. Со понудени можности за избор на повеќе одговори, најголемиот дел од нив сметаат дека самите млади луѓе (66%) треба да бидат поттикнувачи и иницијатори на ваков вид активности, голем дел сметаат дека локалната самоуправа и невладините организации треба тоа да го прават. Останатите сметаат дека тоа е задача на Младинскиот културен центар и училиштата во општината, и дел сметаат дека е потребна медиумска покриеност на ваквите иницијативи.

**Кој според вас треба да биде потикнувач и организатор на разновидна понуда на неформално образование на младите луѓе?**



На прашањето дали би биле заинтересирани да учествуваат во обука/работилница/семинар за стекнување знаења, вештни, компетенции, 81% односно 60 иситаници одговориле со дека се заинтересирани, 14% дека не знаат, а 4% не се заинтересирани.

Младите од Општина Новаци се заинтересирани за волонтерски акции односно 79% од анкетираните млади би сакале во иднина да се вклучат во младински волонтерски акции, 13% не знаат, а 6% не би сакале.

Според испитаниците најинтересни видови на неформално образивание би биле оние поврзани со изучување странски јазици, вклученост во обуки/семинари, уметност и цртање, музички активности, спортски активности, курсеви преку социјални мрежи и медиуми, курсеви за информатички алатки, а мал дел за обуки од областа на природни науки и математика, претприемништво и медицина.

## 3.3. Младински активизам и младинско учество

Во однос на младинското учество и младински активизам загрижувачки е фактот дека 70,3% од испитаниците никогаш не биле вклучени во донесувањето на одлуки поврзани со младите во Општина Новаци. Ова е поради ниската информираност на младите за постоење на младински тела во општината. Од испитаниците 58,1% не се информирани дека има младински тела во општината преку кои младите можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки, исто така 66,2% од испитаниците не се запознаени со активностите на Младинскиот совет.

**Дали сте запознати со активностите на Младинскиот совет во Вашата општина?**




Сепак, младите сметаат дека е потребно да бидат вклучени во донесување на одлуки и тоа во Советот на општината, во други локални институции (културни домови, здравствени установи, центри за социјална работа), приближна важност им даваат во училиштета, на општинската администрација за прашања кои се однесуваат на животот на младите, а најмалку во рамките на домот и семејството.

**Според Вас каде е најпотребно учеството на младите во донесување на одлуки?**




Една од причините поради кои младите не се застапени во институциите и не се вклучени во донесувањето одлуки е недоволната доверба кај возрасните за да ги вклучат во донесувањето на одлуки и во тој контекст 37,8% од испитаниците одговориле дека сметаат дека возрасните имаат

доверба да ги вклучат младите во донесувањето одлуки, додека останатите испитаници односно 62% се изјасниле со не или незнам.

**Дали возрасните во локалните институци имаат доверба во младите за да ги вклучат во донесувањето на одлуки?**




На младите им е потребна едукација за младинско учество, бидејќи не знаат доволно. Тоа го изјавиле речиси 60% од испитаниците, 31% дека имаат недоволно познавање, 6% не знаат и најмал дел 2% сметаат дека не им е потребна едукација.

**Дали на младите во вашата општина им е потребна едукациија за младинско учество?**




Исто така 70,3% од испитаниците сметаат дека на возрасните во локалните институции им е потребна едукација за младинско учество.

Околу 45% од младите сметаат дека не се одвојуват доволно средства за реализирање на младинските идеи и предлози и иницијативи (во училиштата, во локалната самоуправа, во НВО и во политичките партии). Она што е исто така значајно да се потенцира е што 36,5 % се изјасниле дека воопшто не знаат дали и колку такви средства се издвојуваат, а само 18,9% сметаат дека е доволно.

Најголем дел од младите 77% не дале никаков предлог или инцијатива во која ќе бидат вклучени млади, додека останатиот дел имале предлози за различни иницијативи: крводарителска акција, акција на пошумување, хуманитарни акции, чистење на тротоари во општината, играорни групи, спортски екипи, одржување на разни часови по уметност, отварање на теретана, размена на ученици од Европа, организирана прошетка низ целата општина.

**Дали вие сте дале некој предлог или сте поттикнувале некоја инцијатива во вашето место на живеење во која ќе бидат вклучени млади?**




Младите од општина Новаци не го користат доволно  просторот на Младинскиот Културен Центар, односно 37,8% од испитаниците не го користат воопшто, а 39,2% односно 29 испитаници многу ретко го користат, само 18,9% од испитаниците одговориле дека го користат овој простор.

**Колку често го користите просторот на Младинскиот Културен Центар?**




Мал дел од младите причината за отсуство на младинско учество ја гледаат во неспремноста на локалните власти за соработка со младите, но и отсуството на механизми за поттикнување на младинско учество на локално ниво. Од ова може да се заклучи дека младите во Оштина Новаци се свесни дека постојат можности за нивно вклучување во решавање на проблемите, но дека и самите не се доволно активни во искористување на овие можности.

## 3.4. Спорт

Кај младите од Општина Новаци постои заинтересираност за занимавање со спорт, дека се многу заинтересирани изјавиле 48,6% од испитаниците, додека пак 50% од младите делумно се заинтересирани.

**Колку младите во општина Новаци се заинтересирани да се занимават со спорт?**




Само 27% од испитаниците сметаат дека уловите за занимавање со спорт во Општина Новаци се задоволувачки, додека половина од испитаниците, односно 50% сметаат дека условите за занимавање со спорт во Општина Новаци можат да бидат подобри.

Според 67,6% од испитаниците, спортските клубови се тие кои најчесто организираат спортски активности, по што следат училиштата со 40,5%. Младите најмногу посетуваат фудбалски клубови, ракометни клубови и културно уметнички друштва. Дел од младите пешачат/трчаат, возат велосипед, а само мал дел посетуваат теретана, планинарат и посетуваат одбојкарски и кошаркарски клубови.

**Кој најчесто организира спортски активности?**



Поделени се мислењата на испитаниците за тоа што треба да направат надлежните институции за подобрување на условите за занимавање со спорт. Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека е потребно финансиски да им се помогне на спортските клубови за да де посветат и попрофесионално да се насочат кон младите.

Најголемиот дел млади сметаат дека надлежните институии треба да се кординираат и да ги подобрат условите за занимавање со спорт, да се изработи на стратегија за развој на спортот (60%), да се подигне свеста преку кампања за важноста и придобивките од спортот, потребно е реновирање на постоечките спортски објекти, поддржување на успешните млади спортисти, поголемо внимание за младите таленти, простор за изградба на теретана, базен и др.

**Што е најважно да направат надлежните институции (локална самоуправа, образовни институци, спортски клубови, невладини организаци) за да ги подобрат условите за занимавање со спорт?**



# 4.Заклучоци и препорки

## 4.1. Култура

Во Општина Новаци, младите имаат широко разбирање за тоа што се подразбира под култура и културни содржини во една заедница и се во голема мера заинтересирани за културниот живот, особено за културните манифестации. Меѓутоа, младите се само делумно задоволни од понудените културни содржини. Младите луѓе во Општина Новаци своите креативни идеи можат да ги изразуваат и исполнуваат неформално, во група со други млади и во невладините организации. Загрижувачки е што најголемиот дел од испитаниците сметаат дека младите не се многу заинтересирани да го подобрат својот културен живот. Локалната самоуправа е институција која најчесто организира културни манифестации (Културно – забавно лето Новаци), а потоа следат неформалните групи на млади и невладините организации. Сепак, младите сметаат дека локалната самоуправа треба да се насочи на поголема работа и комуникација со младите.

За подобрување на културниот живот на младите во Општина Новаци се препорачува:

- Зголемување на капацитетите на постоечките младински НВО во сферата на културата;
- Активирање на локалната самоуправа во областа на културата преку издвојување; повеќе средства за поддршка на културни настани и младински активности;
- Едукација на младите преку обуки со цел да дознаат повеќе за придобивките од развојот на културата во локалната средина;
- Воспоставување на консултативен модел преку јавни форуми за креирање на заедничка програма за работа во областа на културата на системска и редовна основа;

- Подобрување на системот на информирање на младите во однос на културните активности, со посебен фокус на опфат на оддалечените рурални средини;
- Јакнење на капацитетите на општинската администрација за прибирање и користење на ЕУ фондови за развој на култура.

## 4.2. Неформално образование

Заинтересираноста на младите за неформално образование е на високо ниво. Младите се доста заинтересирани за вклучување во обуки, работилници, но за жал голем дел од нив досега воопшто не биле инволвирани во ваков вид активности. Младите од руралните средини не посетувале неформалното образование најмногу поради недостатокот на самоиницијативност, пасивност и поради работните обврски кои ги имаат во нивната средина. Младите сметаат дека во општината нема доволен број на организации и центри за неформално образование, нема доволна понуда и треба да се зголеми информираноста на младите за ваков тип образование. Информираноста во најголем дел била преку социјални мрежи, па испитаниците сметаат дека локалната самоуправа и младите треба да се главни промотори и поттикнувачи за сите понуди од неформално образование. Во овој дел за Општина Новаци се препорачува:

- Подршка за јакнење на капацитетите на невладините организации за креирање на програми за неформално образование;
- Поддршка за невладините организации за спроведување на програма за вработливост преку реализација на обука/работилница/семинар за стекнување знаења, вештни, компетенции сл. ;
- Водење на кампања за промовирање на придобивките од неформалното образование, насочена кон младите, но и кон

возрасните/родителите;

- Подобрување на информираноста за понудата за неформално образование во Општина Новаци со фокус на оддалечените рурални средини.

## 4.3. Младински активизам и младинско учество

Во Општина Новаци младите ретко се залагаат за решавање на младинските проблеми. Имено, најголем дел од нив не биле никогаш вклучени во институциите при донесување одлуки во Општина Новаци кои ги засегаат нив, а исто така најголемиот дел изјавиле дека не знаат дали постојат некакви младински тела преку кои се обезбедува учеството на младите или постои ниска информираност на младите за постоење и активностите на Младинскиот совет во општината. Од друга страна изјавиле дека нема доволно средства за реализирање на младинските идеи и предлози и иницијативи. Причини поради кои младите не се застапени во институциите и не се вклучени во донесувањето одлуки е недоволна доверба кај возрасните за да ги вклучат во донесувањето на одлуки. Наодите од анкетата јасно укажуваат дека не постои доволна едуцираност ниту кај младите, но, исто така тие сметаат дека и возрасните не се доволно едуцирани за младинското учество во локалните институции. Повеќе од половината сметаат дека би можеле да имаат влијание за решавање на проблемите кои ги засегаат, меѓутоа инертноста и апатичноста кај младите како и моменталната општествено-економска ситуација доведуваат до намалување на тоа влијание. Младите од Општина Новаци не го користат доволно просторот на Младинскиот Културен Центар.

Во насока на подобрување на младинското учество и активизам во Општина Новаци се препорачува:

- Планирање на активности преку кои со серија обуки ќе се обезбеди

континуирана едукација за возрасни т.е. за носителите на функции во локалната самоуправа, училиштата и другите локални институции со цел нивно информирање за можностите за учество на младите, постоечки модели и форми и сл.;

- Да се спроведе кампањи за едукација на младите во основните и средните училишта, со цел презентирање на нивните права на учество во донесувањето одлуки, како и начините и моделите на учество на локално ниво;
- Планирање на серија од обуки и активности за градење на капацитетите на членовите на Младинскиот совет на општината;
- Да се спроведат серија на заеднички активности помеѓу младите и возрасните од институците со кои ќе се адресираат некои младински проблеми во општината, а со цел јакнење на меѓусебната доверба;
- Обезбедување редовен годишен буџет за младински иницијативи во консултација со Младинскиот совет на општината;
- Да се истражи состојбата на локално ниво во локалната самоуправа и во образовните институции за да се утврди дали постојат можности и капацитети за воведување на некои постоечки модели и форми на младинско учество;
- Вмрежување и соработка на граѓанскиот сектор, општината и локалните институции со младите;
- Потреба од донесување на локална стратегија за млади која ке им даде насоки и ќе доведе до подобрување на состојбите со партиципативноста на младите во заедницата.

## 4.4. Спорт

Во однос на условите за занимавање со спорт младите сметаат дека условите за занимавање со спорт во Општина Новаци би можеле да

бидат подобри. Кај младите луѓе постои очигледна заинтересираност за спортски активности и тие најмногу посетуваат фудбалски клубови, ракометни клубови, културно уметнички друштва, возење велосипед, пешачење/трчање. Постои слаба информираност за тоа кој најчесто организира спортски активности. Младите сметаат дека надлежните институции треба меѓусебно да се координираат за да ги поправат условите за занимавање со спорт. Спортските клубови се тие кои преку кампањи за привлекување треба да ги поттикнуваат младите луѓе да се занимаваат со спорт. Младите сметаат дека е потребно финансиски да им се помогне на спортските клубови.

Со цел промоција на здрави животни навики на младите во Општина Новаци се препорачува:

- Поодршка на спортските клубови од страна на локалната самоуправа во насока на поттикнување на младите за активно и професионално спортување;
- Обезбедување на финансиска поддршка за спортските клубови со цел обезбедување основни одржливи услови за спортување;
- Подигање на свеста на младите преку кампања за важноста и придобивките од спортот врз здравјето и задравиот начин на живот,
- Воведување на стипендии за поддржување на успешните млади спортисти и младите таленти;
- Воспоставување на координативен механизам од страна на локалната самоуправа во соработка со спортските клубови и бизнис заедницата во насока на подобрување на спортските услови и постоечката инфраструктура.

Од истражувањето и анализите се потврдува важноста од вклучување на младите во Општина Новаци во одредени советодавни, одлучувачки и други важни тела во рамки на општината и преземање одговорна улога во донесувањето одлуки. Со поттикнување на нивниот инпут во ревидирање и изготвување на нови стратегиски документи во општината, тие ќе се поместат од својата улога на често неактивни граѓани кон целосно инволвирани чинители во развој на заедницата.

# 5. Прилози

Прашалникот од анкетата можете да го најдете он-лајн на линкот

https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLScowqMTKJ8t-8NFIVVbdsjhi_SrNhsM6fG3Sg_jLt_b9F-WMg/viewform

